Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2045/3
09-09-2022 год.
Скопје

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и 178/2021), член 75 од Статутот на Филозофски факултет – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.463/19, бр.569/21 и 609/2022), а во врска со член 74, член 76 и 91 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020), Деканатската управа на Филозофски факултет на својата XVI вонредна седница, одржана на 9.IX 2022 година ја донесе следнава

ОДЛУКА
за плаќање при презапишување на кредити за трет циклус студии

I

Студентите на трет циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје при повторно запишување на предмети/активности, ќе **плаќаат половина од вредноста** на ЕКТС – кредити што се однесуваат на: предмети за стекнување на генерички знаења, предмети за стекнување на напредни знаења од полето и областа на истражување, учество на годишни конференции, докторски семинари, работилници за истражувачка практика и предлог - докторски проект (елаборат).

II

Студентите на трет циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје **нема да плаќаат** за ЕКТС – кредити при повторно запишување на активности што се однесуваат на: истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог проект за докторски труд во II втор семестар), изработка на докторски труд, меѓународна мобилност, активности за објавување на два труда во референтна научна публикација во V семестар, учество на меѓународен собир и одбрана на докторски труд.

III

Оваа одлука ќе се применува за сите студенти запишани на трет циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно членот 76 став (1) од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020), предвиден е рок од 6 години за завршување на студиите, а по исклучок предвиден во ставот (2) рокот може да се продолжи, но не повеќе од 2 години. Согласно членот 74 од цитираниот Правилник, се уредува запишувањето на кредити во семестар и условите за нивно презапишување. Со цел да може студентот самостојно да ја определи динамиката на напредување во студирањето во предвидениот рок за завршување на студиите, се утврдува дека нема оправданост за финансиско оптеретување на студентите при презапишување на активностите опфатени со членот 2 од оваа одлука.

По еден примерок од оваа одлука да се достави на: деканот, продеканите, институтите, советите на студиските програми, Одделението за општи и правни работи, Одделение за студентски прашања, архива и да се објави на веб-страната на Факултетот.

ДЕКАН
на Филозофски факултет
_______________________
Проф. д-р Ратко Дуев

Изработиле: Виолета Попстефанова
Ана Иванова
Одобрил: проф. д-р Наташа С. Трајковска